До:
ЈУ Завод за социјални Услуги

Б А Р А Њ Е
ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: Граѓанска иницијатива ..И Јас Сум" Неготино, ijassum2020@gmail.com

Граѓанската иницијатива И ЈАС СУМ работи активно на создавање услови за градење на реален и прифатлив инклузивен свет во Општина Неготино. За таа цел, реализирана е соработка со Општинскиот Совет за социјална заштита од Неготино. Покрај другите проект -идеи, се работи и на предлог идејата за назначување на стручни лица во јавните институции за комуникација со лица со попреченост.

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Дали ЈУ Завод за Социјални услуги би се согласил да реализира тренинг за обучување на вработени од сите јавни институции од Општина Неготино кои би биле одговорни за комуникација со лица со попреченост?

2. Доколку да, Ве молам наведете лице за контакт и дополнителни информации кога може да се реализира тренингот.

3. Доколку не, Ве молам споделете корисни информации од вашето искуство за организирање на тренинг за обука на лица за комуникација со лица со попреченост.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- **б) препис**
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго _____

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил доставен на емаил ijassum2020@gmail.com**
- д) друго _____

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Во Неготино, 03.10.2021 година .

(
фо

Влада на Република Северна Македонија

ЈАВНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ - СКОПЈЕ

До
Граѓанска иницијатива ,, И Јас Сум,,
Неготино

Архивски број: 10- 519/3
Датум: 05.10.2021.

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер Ве известуваме дека информациите кои Вие ги барате а се однесуваат на организирање на идни обуки од страна на Заводот на територијата на Вашата општина, не спаѓаат во категорија на информации од јавен карактер.
Вашето барање ќе биде проследено до соодветната служба во Заводот и ќе Ви биде одговорено на истото во најкус рок.

Изготвил:
Марта Марковска – советник
Одобрил:
Емилија Размоска - раководител